РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-5530/1 од 01.12.2023 година, оформен по пријава од познат подносител, против Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Факултет --------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот случај , по барање на ДКСК е постапено од страна на друг орган кој во рамките на своите надлежности извршил надзор над работењето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Факултет --------------------- при што констатирал неправилности и дал Решение со изречена мерка Опомена за отстранување на неправилностите.

Предметот со број 12-5530/1 од 01.12.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта на ден 01.12.2023 година, поднесена е пријава против Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Факултет ------------------, со наводи за неправилности во постапката за одбрана на докторскиот труд на кандидатот ------------- од Р.Косово и оформен е предмет број 12-5530/1 од 01.12.2023 година. Пријавата истовремено е доставена и до Сенатот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Државниот просветен инспекторат, Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ и до Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија.

Во пријавата подносителот наведува дека постојат сериозни индиции дека постапката за пријава и одбрана на докторскиот труд на кандидатот -------------- од Р.Косово и многу други постапки биле водени на незаконит начин.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државен просветен инспекторат.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и Државниот просветен инспекторат констатирал дека м-р ----------- е запишан на трет циклус на академски студии – докторски студии во академската 2018/2019 година и истиот е уредно евидентиран под ред. бр. -- на стр.--,-- од Матичната книга на запишани студенти на трет циклус на студии и по запишувањето потпишан е договор за студирање помеѓу кандидатот ----------- и Факултетот за ------------- – Скопје.

По однос на пријава за испит за положени испити во досие бр.-- на име ---------- има 8 пријави за положени испити. По завршување на дел од обврските по студиската програма ------------ поднел Барање за отворање на постапка за одобрување на тема за изработка на докторски труд. Постапката била прекината поради тоа што комисијата за оцена на проектот за изаботка на докторски труд доставила извештај по истекот на законски педвидениот рок. Истата била прекината со Одлука бр.----,---/-.-- донесена од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за поништување на сите претходно донесени Одлуки по однос на наведената постапка.

Постапката продолжувала со донесување на Одлука за формирање на друга комисија за оцена на докторскиот труд на именуваниот. Комисијата во законски предвидениот рок изготвила позитивен извештај и истиот бил усвоен на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Бидејќи не бил даден соодветен доказ за исполнетост на законската обврска докторскиот труд задолжително да биде објавен на WEB страницата на Факултетот, како и во базата на отворени образовни и научни ресурси која ја води МОН, согласно член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19), издадено е Решение со изречена мерка опомена за отстранување на неправилноста.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата од причина што постапил надлежен орган.

Врз основа на наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О
Одобрил: В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**